Уп. Бр.08-86/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со седиште на адреса Руе Жан Моне 6, 2180 Луксембург преку Божидар Милошевиќ, адвокат од  Скопје, на седницата одржана на ден 14.07.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на друштвото Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со седиште на адреса Руе Жан Моне 6, 2180 Луксембург, над друштвото АСПН, услужна компанија д.о.о, Љубљана (ASPN, storitveno podjetje d.o.o, Ljubljana), со регистрирано седиште на адреса Пољански насип 8, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 16.06.2023 година, а дополнето на 27.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со седиште на адреса Руе Жан Моне 6, 2180 Луксембург со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. ќе стекне самостојна контрола над друштвото АСПН, услужна компанија д.о.о, Љубљана (ASPN, storitveno podjetje d.o.o, Ljubljana), со регистрирано седиште на адреса Пољански насип 8, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Јунајтед Медиа С.а.р.л.** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс во Северна Македонија има регистрирано присуство преку следните индиректно зависни друштва:

- **ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје**, Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дистрибуција на медиумска содржина преку DTH технички платформи;
- **ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со маркетиншки дејности; и
- **УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје**, бул. Партизански одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа);
- услуги за огласување (Директ Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana)).

**АСПН, услужна компанија д.о.о, Љубљана** е друштво кое управува со телевизискиот канал „Спорт ТВ", кој се емитува исклучиво во Република Словенија. Програмската содржина на „Спорт ТВ" е пред сé фокусирана на сите најпопуларни спортови во Република Словенија, со фокус на домашните (словенечки) спортски натпревари, како и на најпопуларните меѓународни спортски натпревари.

АСПН, услужна компанија д.о.о, Љубљана не е присутно и не остварува приход во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**